**Македонска берза на**

**хартии од вредност**

**АД Скопје**

ADING
состојка на секоја градба
55 години

АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр. 11, 1060 Скопје,
Р. Северна Македонија; П.Фах 40; е-пошта: ading@ading.com.mk
- Управен менаџмент: Тел.:+389 2 2034 800, Факс:+389 2034 810
- Контрола на деловен систем: Тел.:+389 2 2034 806, Факс:+389 2034 810
- Финансии: Тел.:+389 2 2034 816, Факс:+389 2034 817
- Примена: Тел.:+389 2 2034 840, Факс:+389 2034 850
- Продажба: Тел.:+389 2 2034 820, Факс:+389 2034 821
- Институт: Тел.:+389 2 2034 860, Факс:+389 2034 850
- Набавки: Тел.:+389 2 2034 824, Факс:+389 2034 825
- Фабрика: Тел.:+389 2 2034 863, Факс:+389 2034 821

АРХ. БРОЈ:

ДАТУМ: 01.08.2024

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

## ЗА НАСТАНАТИТЕ ЗНАЧАЈНИ ПРОМЕНИ ВО ФИНАНСИСКИОТ РЕЗУЛТАТ ЗА ПЕРИОДОТ 01.01.2024-30.06.2024 ГОДИНА ЗА ДС АДИНГ СКОПЈЕ- КОНСОЛИДИРАНИ ИЗВЕШТАИ

1. **Сметководствени политики и методи на вреднување на ставките од финансиските извештаи споредено со последните годишни ревидирани извештаи:**

   -Во овој период нема промени во сметководствените политики.

2. **Остварени вкупни приходи во однос на претходниот период, кратка анализа на приходите и расходите и на остварениот финансиски резултат:**

   -Во овој период ДС АДИНГ Скопје оствари вкупен приход во износ од 358.482 илјади денари кој е поголем од минатогодишниот за 45.646 илјади денари, односно зголемување за 14,6%. Во структурата на приходите најголем удел имаат приходите од продажба во износ од 354.755 илјади денари или 99% од вкупниот приход, од кои 91,1% се приходи од продажба на домашен пазар и 8,9% приходи од продажба на странски пазар.

   -Во истиот период, остварени се вкупни расходи во износ од 254.637 илјади денари што претставува зголемување во однос на минатогодишните за 41.094 илјади денари, односно за 19,2%.

   -На крајот на овој период, остварен е позитивен финансиски резултат, односно Добивка пред оданочување во износ од 108.361 илјади денари, која е поголема за 25,5% во однос на минатогодишната добивка, која изнесуваше 86.367 илјади денари.

3. **Движењето на финансискиот резултат по квартали е следен:**

31.03.2024 = 55.666 илјади денари

30.06.2024 = 108.361( + 52.695 илјади денари во вториот квартал )

4. **Движење на вкупните приходи и расходи по квартали е следен:**

I квартал приходи = 167.644 илјади денари вкупни приходи

II квартал приходи = 190.838 илјади денари вкупни приходи

I квартал расходи = 121.008 илјади денари вкупни расходи

II квартал расходи = 133.629 илјади денари вкупни расходи

5. **Останати значајни финансиски податоци со 30.06.2024 година:**

-Кредитната задолженост е намалена за 4.324 илјади денари.

-Капиталните инвестиции се во износ од 11.105 илјади денари.

-Залихите на готови производи се зголемени за 4.516 илјади денари.

-Исплатена е дивиденда во износ од 4 илјади денари.

-Добивката пред оданочување во износ од 108.361 илјади денари е за 356,1% поголема од планираната во износ од 23.756 илјади денари.

6. **Остварување на планот:**

Во првиот квартал од 2024 година имаме натфрлање во остварувањето на планот во износ од 44,2%, односно по месеци, за јануари имаме остварување од 128,3%, во февруари од 167,2% и во март од 135,4% во однос на поединечните месечни планови.
И во вториот квартал од 2024 година имаме натфрлање во остварувањето на планот, во износ од 27,4%, односно по месеци, за април имаме остварување од 159,7%, во мај од 113,5% и во јуни од 109,8% во однос на поединечните месечни планови.

Деловен систем за производство, примена и пласман на хемиски материјали за градежништво и инженеринг работи
АДИНГ
АД
6
СКОПЈЕ

01.08.2024